АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Февруари** 2023 **Бр.**2

## Поддршка на Протестниот марш за одбрана на новинарското достоинство



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 17 февруари го поддржа и се приклучи кон протестниот марш на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Здружението на новинари, кој беше израз на незадоволството на новинарите од нападите врз нив и општествените и социо-економските услови во кои тие работат. Нападите, етикетирањата и омаловажувањето на медиумските работници, кои зачестија изминатиот период, се апсолутно неприфатливи, особено кога доаѓаат од носители на јавни функции. На овој начин се загрозува професионалното работење и безбедноста на новинарите и се поттикнува омраза и насилство поради што ваквото однесување во ниту еден случај не смее да стане пракса.

Само медиумските професионалци кои се ослободени од било каков притисок и на кои не им се загрозени работничките и човековите права, можат да придонесат за развојот на демократијата и за зачувување и промовирање на слободата на изразување и слободата на информирање.

## Делегација од Комитетот за политички систем, правосудство и управа на Црна Гора во работна посета на АВМУ



Делегација од Комитетот за политички систем, правосудство и управа на Црна Гора на 17 февруари беше во работна посета на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Целта на посетата беше споделување искуства и размислувања во повеќе сегменти од медиумската сфера, меѓу кои усогласувањето со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, мерките за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави, правилата кои се однесуваат на сопственичката структура на медиумите, мониторингот на медиумски содржини за време на изборни процеси и финансирањето на платеното политичко рекламирање.

На средбата се дискутираше и за евентуалната регулација на онлајн медиумите, саморегулацијата и соработката со граѓанскиот сектор. На крајот на средбата беше констатирано дека негувањето и постојаното унапредување на билатералните односи меѓу двете држави е од особено значење имајќи предвид дека се соочуваме со исти предизвици.

## АВМУ и МТСП со заеднички залożби за унапредување на родовите прашања



Министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, на 7 февруари одржаа заедничка прес-конференција посветена на прашањата за родовите, родово базираното насилство и начинот на известување на медиумите.

„Моќта на медиумите и нивната способност за професионално известување на јавноста, подигање на свеста како и креирањето на мислењето на целокупната јавност е огромно. Затоа од особена важност е споделување на точни информации од нивна страна, а наша задача како институции е да ги обезбедиме истите“ истакна Тренчевска во своето обраќање.

Директорот АВМУ, д-р Зоран Трајчевски ја презентираше новата специјализирана веб страница за родот и медиумите. Страницата преставува ресурсен центар за медиумите, место каде што можат да најдат ресурси, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучувајќи го и родовозаснованото насилство, но и место на кое граѓаните можат да најдат корисни линкови и информации – вклучувајќи ги и институциите и организациите од кои можат да побараат помош во случај да се подложени на родовозасновано насилство.

Веб страницата се администрира од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и истата е достапна на македонски, албански и англиски јазик, а е прилагодена и за лица со оштетување на видот. На веб страницата сите институции и граѓански организации можат да ги споделуваат материјалите и активностите кои ги работат на полето на родовите прашања, со што ќе придонесат да биде квалитетен ресурсен центар за сите новинари, истражувачи кои работат на оваа проблематика, како и за општата јавност. Веб страницата е достапна на линкот www.rodotimediumite.mk

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Одбележување на Светскиот ден на радиото

Под покровителство на УНЕСКО, по дванаесетти пат на 13 февруари се одбележа Светскиот ден на радиото кое оваа година се одржа под мотото „Радиото и мирот“. Радиото како универзален медиум кој досега до различни заедници и неговата улога во градењето мир и стабилност, овозможуваат да биде совршена платформа за поттикнување на јавниот дискурс за борба против насилството и конфликтите.

При известувањето и информирањето на општата јавност, радиостаниците го обликуваат јавното мислење и врамуваат наратив, кој може да придонесе за ублажување на различни конфликти или тензии во општеството и преку разговори и јавни дебати да спречи нивна ескалација.

## Донација од милион денари за Република Турција и Сириска Арапска Република

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4-та седница одржана на 8 февруари донесе Одлука за доделување финансиска помош – донација во висина од еден милион денари за санирање на последиците од земјотресот кој ги погоди Република Турција и Сириска Арапска Република.

Финансиските средства ќе бидат уплатени на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија – Фонд за солидарност.

## СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ

Во врска со недоличните зборови на пратеникот Димитар Апасиев упатени кон новинарот Љупчо Златев на социјалната мрежа „Фејсбук“, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14 февруари преку соопштение потенцираше дека носителите на јавни функции треба да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на достоинството на медиумските работници. Сите, а особено политичарите и носителите на јавни функции треба да се воздржат од омаловажување, навредување и непримерна комуникација и јавните дебати треба да ги водат со аргументи, меѓусебно почитување и на јазик којшто ги промовира демократските вредности.

На 14 февруари беше осуден и селективниот пристап на Владата за акредитирање на дел од медиумите за следење на настанот за одбележување на 151-та годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Во соопштението беше посочено дека улогата на медиумските работници е да документираат и пренесат информации од настани кои се од висок јавен интерес, дури и во услови кога се воспоставени посебни безбедносни мерки. Секое попречувањето на нивната работа претставува загрозување на слободата и правото на информирање. Агенцијата апелираше да се најде соодветен и неселективен начин, на сите медиумските работници да им се овозможи еднаков и слободен пристап до сите настани што се од големо општествено значење.

Во врска со недоличниот однос на министерот за економија Крешник Бектеши, кон новинар на ТВ Телма, за време прес конференција на 2 февруари Агенцијата уште еднаш посочи дека упатувањето навреди и омаловажувања кон новинари се апсолутно недозволиви. Медиумите се еден од клучните столбови на демократијата и имаат важна улога во креирањето на критичкото мислење за прашања кои се од посебен јавен интерес. Исклучително е важно да им се овозможи на новинарите непречено да ги извршуваат своите професионални задачи за навремено и точно информирање на јавноста. Наместо омаловажувања и навреди треба да се покаже почит кон новинарската професија и достоинството на медиумските работници.

За апсолутно неприфатлив, Агенцијата го оцени и недоличниот однос на министерот за економија Крешник Бектеши кон новинарката на ТВ Канал 5, Катерина Капковска. Носителите на јавни функции треба да се воздржат од изнесување лични ставови, коментари и етикетирања со кои се загрозува слободата на медиумите и може да води кон појава на самоцензура. Агенцијата повторно апелираше дека е неопходно да се вложат максимални напори за обезбедување поволен амбиент за непречено работење на медиумските работници, имајќи ја предвид нивната улога во отворањето прашања од јавен интерес и обезбедувањето транспарентност и одговорност на јавните органи.

## Надзори врз радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и печатени медиуми

### Радиодифузери

За обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на радио и дневно емитување на законски утврдениот процент изворно создадена музика, редовен програмски надзор е извршен врз радио програмски сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРА1, МРА2 и МРА3. При надзорот не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

Со цел да се утврди дали е постапено по мерките јавна опомена упатени за различни законски несогласувања, Агенцијата изврши контролен програмски и административен надзор врз ТВ Калтрина, ТВ Спектра, Телевизија Плус, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9 и Универзитетско радио УГД ФМ. Надзорот покажа дека радиодифузерите во целост постапиле по решенијата за изрекување мерки јавна опомена.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврската на операторите на ЈЕКМ во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Каблекалл, Траншпед Трејд, Кабел, Сигнал-Нет, Мтел, Мултимедиа-Нет, Кабел-Л-Нет и КДС-Кабел Нет. При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.

Во однос на обврската на операторите на ЈЕКМ за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат, редовен програмски надзор е извршен врз операторите Сигнал-Нет, Мтел, Мултимедиа-Нет, Кабел-Л-Нет и КДС-Кабел Нет. При надзорот беше констатирано дека операторот Сигнал-Нет за своите корисници ги реемитува програмските сервиси “Scan TV”, “Cufo” и “Super Sport News”, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

## Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 21 издавач на печатени медиуми со цел да констатира дали истите објавиле податоци за назив и адреса на седиштето и уредништвото на печатениот медиум, податоци за одговорното лице, уредниците, печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, согласно обврската од Законот за медиуми. Со надзорот беше констатирано дека печатените медиуми ја исполниле оваа законска обврска.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 7-та седница одржана на 23 февруари врз основа на констатации од извршен надзор изрече мерки јавна опомена на ТВ Канал Феста и операторот на ЈЕКМ Сигнал-Нет. Мерка јавна опомена на ТВ Канал Феста е изречена поради не обезбедување на информациите кои што треба да им се направат достапни на корисниците, додека на операторот Сигнал-Нет за реемитување на програмски сервиси кои што не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

На 5-та седница одржана на 15 февруари, Советот на Агенцијата врз основа на констатации од извршен надзор, донесе решенија за изрекување мерка јавна опомена за ТВ Дибра и ЈРП Македонска РадиоТелевизија Скопје – Македонска Телевизја – Втор програмски сервис (МРТ2). На ТВ Дибра и е изречена мерка јавна опомена поради не емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, додека на МРТ 2 мерка јавна опомена е изречена за пласирање производи во програмата без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018